OKTA

ОКТА Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр. 09-2281/23
25.09. 2023 год.
Скопје 1

# КОРПОРАТИВНА ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**ОКТА АД - Скопје** преку своите активности дава приоритет на трговијата и маркетингот на висококвалитетни производи кои ги задоволуваат барањата на потрошувачите/купувачите.

За да ги постигне овие цели компанијата:

- **Посветена** е кон усогласеност со барањата на стандардот и **постојано подобрување** на ефективноста на системот за управување со квалитетот.
- **Целосно ги почитува** релевантното национално и европско законодавство, **го следи** развојот на меѓународната легислатива и **ги планира** сите неопходни инвестиции и промени.
- **Презема мерки** за оптимизирање на нивото на услугата на клиентите и веднаш **одговара на секое барање, препорака, коментар или поплака** со тоа што применува постојани проверки, имплементира процедури за подобрување и ефикасно ги решава прашањата за квалитет.
- **Одбира** и **применува** модерни практики и најдобри достапни техники **и воведува** стандарди за квалитет во процесите на ракување, складирање и дистрибуција на производите.
- **Го проверува** систематски квалитетот на опремата и производите и **имплементира** сертифицирани системи за квалитет во сите релевантни активности.
- **Се заложува** за активно учество на сите вработени и изведувачи во прашањата за квалитет со тоа што соодветно **ги информира, обучува и ги поттикнува**.
- **Ги информира** клиентите за квалитетот на производите и услугите, и **ги советува** за рационална употреба, ракување и конечно отстранување.
- **Ги известува** добавувачите за политиката за квалитет на компанијата и **обезбедува** нејзина имплементација.
- **Ги следи и проценува** перформансите за квалитетот на производите и услугите и поставува цели за континуирано подобрување.
- **Соработува** со надлежните и компетентните органи и меѓународните организации за да ги оствари горенаведените цели.

Оваа Политика се однесува на сите вработени во компанијата, е интегрирана во сите активности и е достапна на јавноста.

ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво Скопје 1

**Главен извршен директор**
**Димитриос Пасхос**

Септември 2023